СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 мај 1996 година

Скопје, мај 1996 година

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ШЕСТА (46) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ,**

**ОДРЖАНА НА 29 мај 1996 ГОДИНА**

Дневен ред –стр.46

т.1-стр.18; оваа точка во дневниот ред се наоѓа под реден број 8

1. ВИДИМЧЕ КИРЕ 8, 9, 10, 11
2. ЖУТА БЕЌИР 12
3. КАДРИУ ЗЕЌИР 16

4 НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 12, 18

5. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР 15
6. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1
7. РАМАДАНИ САЛИ 7
8. РАМАДАНИ ИСМЕТ 13, 14
9. ТАИРИ МЕВЉАН 6

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 мај 1996 година

Седницата се одржа во сала 1, со почеток во 16,10 часот

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господа пратеници, ја отворам Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Атанас Вангелов, Владимир Станковски, Никола Г. Поповски, Јован Лазаров и Маријан Котлар ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието на РМ и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети и претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров и претседателот и членовите на Владата на РМ.

Владата на РМ предлага на оваа седница да биде разгледан и предлогот за донесување на закон за прекршоците.

Предлогот за донесување на законот ви е доставен.

Кој е за предлогот на Владата молам да крене рака.

62 пратеника гласаа "за".

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на РМ предлага на оваа седница да биде разгледан предлогот за донесување на закон за радиодифузната дејност.

Предлогот за донесување на законот ви е доставен.

Кој е за предлогот на Владата молам да крене рака.

57 пратеници гласаа ,"за".

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на РМ предлага на оваа седница заедно со Предлогот за донесуваше на закон за радиодифузната дејност да се разгледа и предлогот на закон за телекомуникации.

Предлогот на законот ви е доставен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

55 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

1 пратеник.

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Координаторот на Пратеничката група на Либералната партија, пратеникот Аце Коцевски предлага на оваа седница да се разгледа Предлогот на одлуката за основаше на Анкетна комисија на Собранието на РМ за утврдување одговорноста во врска со увозот на доматите и краставиците во текот на 1995 и 1996 година во РМ.

Предлогот на одлуката во дневниот ред на 45-та седница на Собранието, меѓутоа предлагачите го повлекоа од оваа седница.

Кој е за предлогот молам да крене ркаа.

67 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Координаторот на Пратеничката партија на Либералната партија пратеникот Аце Коцевски предлага на оваа седница да се разгледа Предлогот на одлуката за основање на Анкетна комисија за разгледување на прашањата во врска со извршувањето набавки од страна на Министерствата и Владата на РМ од буџетските средства во 1994 година, 1995 и првите три месеци до 1996 година.

Предлогот на одлуката беше во дневниот ред на 45-тата седница на Собранието, меѓутоа предлагачите го повлекоа од оваа седница.

Кој е за молам да крене рака?

68 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Координаторот на Пратеничката група на Либералната партија пратеникот Аце Коцевски предлага на оваа седница да биде разгледана информацијата за кривичните дела со елементи на насилство со кој се загрозува животот на граѓаните во периодот 6д 1990 до март 1996 година.

Информацијата ви е доставена.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

25 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Аце Коцевски предлага на оваа седница да биде разгледана информацијата за состојбите и движењата во областа на невработеноста.

Информацијата ви е доставена.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

23 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека предлогот не е усвоен. Пратеникот Џеладин Мурати поднесе барање Владата на РМ да изготви информација за затруеноста на учениците од Медицинскиот училиште "Николас Штеин" од Тетово во хотелот "Галеб" во Струга и да биде разгледана на денешната седница.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Овде не е присутен предлагачот, и не знаеме дали го прифаќа образложението на г-динот Филипче.

Кој е за предлогот молам да крене рака. 10 пратеници гласаа "за".

Со напомена дека министерот зеде обврска на наредната де информација.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Предлагачот на Предлогот за донесување на закон за и дополнување на законот за трговија со предлог на закон Зоран Шапуриќ, го повлече предлогот на законот. Значи, останува предлогот за донесување на закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Според тоа , за денешната седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог на закон за трговските друштва;

2. Предлог на закон за телекомуникации;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот помеѓу Македонската Влада и Романската Влада за уредување на билатералната договорна состојба, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија;

5. Предлог за донесување на закон за териториjална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа;

6. Предлог за донесување на закон за радио-дифузна дејност;

7. Предлог за донесување на закон за прекршоците;

8. Предлог за именување на јавен обвинител на РМ;

9. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија;

10. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија на Собранието на Република Македонија за утврдување одговорноста во врска со увозот на доматите и краставиците во текот на 1995 и 1996 година во РМ;

II/2.-

11. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за разгледување на прашањата во врска со извршените набавки од страна на министерствата и Владата на Република Македонија од буџетските средства во 1994,1995 и првите три. месеци од 1996 година;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор г-дин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, барам втората точка од дневниот ред или да се одложи за една од наредните седници или да се премести на крајот на разгледувањето на точките од дневниот ред, имајќи го предвид обемниот дневен ред и претпоставката дека седницата ќе потрае во повеќе продолженија. Ова го образложувам со тоа што Комисијата, Матичната комисија немаше можност да се остане и да го разгледа Предлогот на законот. Се надевам дека правилно ќе ја разберете оваа интервенција и дека ќе го прифатите нашето барање.

Уште еднаш повторувам, постојат две алтернации, доколку сите со согласуваме со тоа дека седницата би можела да потрае подолго време, во понеделник , Комисијата ќе се состане и ќе го разгледа Предлогот на законот. Доколку не, тогаш ќе Ве замолам да го одложите за една од наредните седници.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Таири бидејќи оваа точка со гласање ја уврстивме во дневниот ред можеме да гласаме за редоследот после, како што предложивте. Значи, за втората варијанта.

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска ја оспорувам точката - Предлог за донесување на закон за територијалната поделба на Република Македонија и опре- делување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Со оваков текст како што се предлага и наметнува нема никаква уставна и законска основа посебно за албанците од западна, северо - западна и југо - западна Македонија, туку е перфидно камуфлирање дискриминираше и гетоизирање на албанците.

Заради овие причини, како таков, не само што не треба и не смее да се донесува овој закон, туку не заслужува ниту да се води расправа воопшто.

Во името на Парламентарната група на Партијата за демократски просперитет на албанците и Народната демократска партија предлагам оваа точка да се симне од дневниот ред и легитимната и антинародната Влада не предлага веќе оваков и сличен закон, туку тоа да го направиме ние сами, пратениците, од сите пратенички групи и тоа со консензус.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот ан г-дин Сали Рамадани, молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, морам да интервенирам заради следното:

Со допис до Вас на 20 мај 1996 година испратив бараше с кое барав Владата да поднесе информација и таа информација да биде составен дел на денешниов дневен ред, да се расправа по таа информација. Но, за жал во Вашата дискусија и во водешето досега не го слушнав моето барање.

Интервенирам ова мое барање да се стави во расправа во врска со дневниот ред, како прво

Како второ, морам да ги потсетам господата пратеници кои, за жал, не гласаа при иницијативата да се расправа на оваа сед- ница за Информацијата во движењето на невработеноста , дека одбивме, поточно одбија тие што не гласаа да расправаат за Информација, иако во неа , во прегледот ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа гласавме г-дине Видимче:

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Само еден карактеристичен момент да Ви кажам. Знам дека гласаа.

Во прегледот стои дека во Битола во последните пет години ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ама, Ве молам, не водиме расправа ...

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

.... бројот на невработените е ист, 10.720...

II/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, не расправаме по тоа. Кога ќе дојде на дневен ред ќе расправаме.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

... значи, очигледно имаме Информација која не е валиден

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, кога ќе дојде на дневен ред.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Се согласувам со тоа, но јас само ги потсетувам пратениците дека од званична Информација имаме дека бројот на невработените е 16.800 и нешто ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Оставете сега колку е. Знае јавноста...

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Мислам дека пратениците одбија многу згодна прилика да ги видиме состојбите со не вработувањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во врска со Вашиот предлог за дополнување на денешнава седница, односно на дневниот ред за денешната седница побарано е мислење од Владата. Во меѓувреме седницата е закажана на Собранието.

Јас Ве молам да го образложите, па да гласаме по него. Образложете го Вашиот предлог за дополнување на дневниот ред, па ќе го ставиме на гласање.

II/6.-

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Се извинувам што повторно излегувам, но должни бевте моето барање да го ставите на гласање, а не јас да го образложувам затоа што го доставив уште пред десет дена. Според тоа ,јас воопшто не задоцнив во процедурата, туку Вие воопшто, апсолутно го пропуштивте во формирањето на дневниот ред и во најавата, во предлагањето. Понатаму, да Ви кажам, јас не мислам да го образложувам затоа што јас Ви доставив материјал, истиот е доставен до сите нас пратениците сите го видоа и би сакал понатаму дневниот ред да се води онака како што треба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Видимче, јас бев прецизен. Ви , вашето барање го доставивте откако јас ја закажав седницата. Во Вашето барање стои таму дека предлагате да се стави на дневен ред на прават. наредна седница. Првата наредна е следната, за 4.VI, а не денес.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас морам да Ве потсетам дека со слична судбина како и моето барање беа и другите барања па ги ставивте во дискусијата што ги разгледувавме сега. Беа доставени исто.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Па, добро, јас Ви дадов шанса да го предложите. Предложете го па ќе гласаме.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Се слагам, но не можам да го образложам затоа што мора Владата да достави информација. Во тоа е проблемот. Проблемот е во тоа што Вие воопшто не побаравте, не ја прашавте Владата дали достави информација па да го ставите на дневен ред.

Ве молам,господине Видимче...

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Според тоа, без на Владата, моето не вреди.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кажете кое е Вашето барање до Владата, ќе бараме од претставник на Владата да се произнесе...

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Барав поднесување на информација за дадените одговори, како и за преземените мерки по поставените пратенички прашања во Собранието на Република Македонија. Ова прашање мислам дека е со добра тежина и со фактот денеска, 5,5 часа имаше пратенички прашања. Ова го доставив како пратеничко прашање пред не нам колку месеци до Владата, се уште немам одговор. Го доставив до Вас , како претседател на Собранието да го ставите на дневен ред. И тоа го пробивате. Според тоа, мислам дека јасни се намерите.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас тоа прашање ќе го ставам на дневен ред на наредната седница, на 4 јуни.

Молам, дали претставник на Владата ќе се произнесе во врска со овој предлог на г-дин Видимче?

Има збор господин Жута.

II/8.-

**БЕКИР ЖУТА:**

Очигледно дека оваа Информација бара време да се подготви и за оваа седница не може да се подготви. За наредната да се под- готви.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Видимче, дали го прифаќате одговорот на претставникот на Владата за наредната седница да се подготви Информација? (Се согласува).

Благодарам.

Збор бара г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, трет пат, од- носно трета седница по ред истото го барам и ќе го барам до оној момент додека не се постави на седница на Парламент.

Минатата седница ми беше одговорено од потпретседателот на Владата на РМ г-дин Трпевски дека се подготвени на секоја седница да дадат информација за откуп на пченицата. На крајот беше речено, сепак за наредната.

Еве, оваа денес е наредна, а денес таа информација не е ставена. Затоа и денес предлагам како точка на дневен ред да биде информацијата за динамиката на откупот на пченица и динамиката за преземање на пченица од страна на стоковите резерви и исплатата на истата во општина Битола.

Во информацијата, покрај друго барав и образложение зошто пченицата на битолските земјоделци им е исплатена по 11 а не по 12 денари, како што е пропишана заштитната цена од страна на државата.

II/9.-

Предлагам и сметам, со оглед на тоа што потпретседателот Трпевски дека се подготвени во секое време и Владата расправа за тој проблем, како последна точка во дневниот ред да ја уврстиме на оваа седница.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-дин Најдовски, молам да крене рака? (20 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Г-динот Исмет Рамадани има збор.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Прво, да Ве потсетам дека некаде на 6.XII.1995 година доставивме барање Владата на РМ за една од наредните седници на Собранието на РМ да подготви и достави нова, целосна информација во која ќе бидат содржани податоци за:

- вкупниот број на граѓани на Република Македонија со регулиран државнички статус,

- вкупниот број на граѓани на Република Македонија без регулиран државјански статус,

- бројот на граѓаните на Република Македонија кои од денот на влегувањето во сила на Законот за државјанство на Република Македонија, "Службен весник на РМ" број 67/92 поднеле барање за прием во државјанството на Република Македонија,

- бројот на оние граѓани на кои им е задоволено барањето

- бројот на оние граѓани на кои им е одбиено барањето и поради кои причини,

II/10.-

- бројот на предметите што се во постапка и др.,

За овие податоци потребно е да се наведе националната припадност на граѓаните.

Да Ве потсетам уште тоа дека предлагачи бевме: Исмет Рамадани, координатор на Пратеничката група на ПДП, Тито Петковски, тогаш координатор на Пратеничката група на СДСМ, Аце Косевски, координатор на Пратеничката група на Либералната парија и Мирко Трипуновски, пратеник од Пратеничката група на Социјалистичката партија.

Минатата седница т.е. на 45-та седница барав да биде ставена на дневен ред оваа точка т.е Информација. Претставникот од Владата излезе на говорница и речена наредната седница ќе имаме Информација.

Јас Ве молам сега, треба во некој лексикон да се бара што значи тоа "наредната". Мислам дека веќе чекавме доста и тоа доаѓа во прашање г-дине рпетседателе и авторитетот на предлагачите. Мислам дека веќе не го прифаќам ниту зборот односно изјаснувањето "наредната седница" и инсистирам да се стави на дневен ред оваа Информација на ова седница т.е на 46-та седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Рамадани, не знам дали ќе Ве задоволи одговорот, пред три дена потпишав едно потсетување, ургенција до Владата да ни достават ваква Информација.

Дали да причекаме или да гласаме за оваа седница?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Добро, штом претседателот на Собранието вели, но мислам дека, го уважувам ова затоа што претседателот на Собранието е потписник на истото.

Дали уште некој бара збор? Има збор г-динот Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Имам еден предлог не за дополнување на дневниот ред, меѓутоа за редоследот на точките. Станува збор аз точката 8, тоа е Предлог за именување јавен обвинител на РМ и предлагам во името на пратеничката група на СДС, се надевам дека ќе прифатат и другите пратенички групи оваа точка да оди прва, а после да следат другите точки законот за трговски друштва, од следните три причини:

Првата причина станува збор за една исклучително важна државничка функција, како една, можеби најзначајна алка во судскиот систем и по значењето би требало д аи дадеме едно место според нејзиниот дигнитет.

Второ, мислам дека со оглед на тоа можноста оваа седница да се одложи со работ а во наредните 2-3 недели, согласно точките што ги имаме во дневен ред и

Трета работа, мислам дека тоа ве овозможи ажурирање и благовремено подготвување и пристапување кон избор ан заедници на јавни обвинители. Со тоа ќе дадеме еден придонес и овој дел на судската власт да биде комплетно завршен.

Тоа е замолницата и се надевам дека ќе наидеме на разбирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа ќе гласаме.

Дали уште некој бара збор.

Има збор г-дин Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, без разлика што беше предложено од страна на пратеникот Џеладин Мурати мислам дека е многу важно заради тоа што состојбата во Тетово, имаме денеска сознание дека уште еден одреден број кој досега не беа болни се пријавиле во болница и ситуацијата е многу напната и сериозна, јас мислам уште еднаш да гласаме да биде во дневниот ред и мислам дека со тоа се согласи и министерот, без разлика што не е тука присутен. Да биде внесен денеска во дневниот ред еден краток извештај во врска со заболување на учениците во Струга.

Уште еднаш молам, да гласаме да биде ако не денеска, барем на наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Кадриу ние деловнички немаме право два пати за иста работа да гласаме, а мислам дека вториот дел од Вашето прашање го задоволи одговорот односно мислам дека го задоволува одговорот на министерот, бидејќи зема обврска за наредната седница да достави таква информација до Собранието. Според тоа, нема потреба да гласаме.

Дали можам да констатирам дека нема друг предлог? (Да)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Молам, кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

74 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

5 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 се воздржува од гласање.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Предлогот на господинот Таири, точката 2 од дневниот ред Предлог на закон за телекомуникација, да се помести при крајот, а во овој случај значи да биде точка 8 од дневниот ред, бидејќи после следуваат одлуки, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

71 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлогот на господинот Поповски точката^бј- Предлог за именување на јавен обвинител на Република Македонија да биде прва точка, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

71 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Минуваме **на точка 1** - Предлог за именување на јавен обвинител на Република Македонија.

Предлогот Ви е доставен. Отворам претрес. Дали некој бара збор? Господин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, уште со самото обрзаложување на предлогот на господинот Љупчо Поповски и причините што ги наведе за важноста на оваа точка на дневен ред потполно се согласувам и затоа и го поддржавме. Сметам дека се работи за една одлука која што треба да му даде печат во иднина на нашата држава. Сосема кратко само би кажал дека пратениците од Либералната партија ќе го поддржат овој предлог, односно предлогот за господинот Стеван Павлевски да биде именуван за јавен обвинител на Република Македонија. Убедени сме дека се работи за еден млади и квалитетен кадар кој што во иднина воопшто нема да подлежи на било какви притисоци и дека својата работа ќе ја обавува во најголем склад со законските решенија на Република Македонија.

Не би сакал воопшто повеќе да должам, само уште еднаш да кажам дека ќе го поддржиме предложениот кандидат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

72 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Стеван Павлевски е именуван за јавен обвинител на Република Македонија.

На господин Стеван Павлевски му го честитам именувањето и му посакувам успех во вршењето на функцијата.

Предлагам овде да прекинеме со работа, да продолжиме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот).